**20261281840**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИЈАВЕНИ ИНЦИДЕНТИ НА МРЕЖНИ И ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата на пријавени инциденти на мрежни и информациски системи на Владата на Република Северна Македонија, министерствата, самостојните органи на државната управа, органите на државната управа во состав на министерствата, управните организации, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје (во натамошниот текст: субјектите).

Член 2

Евиденцијата на пријавени инциденти на мрежни и информациски системи на субјектите се води во електронска форма и содржи:

- назив на субјектите;
- матичен број на субјектите;
- електронска адреса на субјектите;
- сајбер офицер/ лице кое го пријавило инцидентот;
- дејност на субјектите;
- услуги кои ги дава субјектите;
- класификација на субјектите (голем, среден, мал или микро);
- опсегот на IP на субјектите;
- датум и точно време на прва пријава на инцидентот;
- датум на известување на корисниците;
- датум и точно време на рано предупредување;
- дали инцидентот е предизвикан од незаконско или злонамерно дејствување;
- дали инцидентот има прекугранично влијание;
- датум и точно време на известување за инцидентот;
- датум и точно време на привремени известувања за инцидентот;
- датум и точно време на одговор на инцидентот од надлежниот тим за одговор на компјутерски инциденти;
- датум на давање на насоки и оперативни совети;
- датум и точно време на завршно известување за инцидентот;
- датум и точно време на извештајот за напредокот;
- датум и точно време на финалниот извештај;
- детален опис на инцидентот, вклучувајќи ја неговата сериозност и влијание;
- тип на закана или главната причина што најверојатно го предизвикала инцидентот;
- мерки за ублажување што се примениле и се применуваат и
- забелешки.

Член 3

Евиденцијата од членот 2 на овој правилник ја води тимот за одговор на компјутерски инциденти за органите на извршната власт (MKD-GOV-CSIRT) при Министерството за дигитална трансформација со заведување на податоците кои се бараат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-1348/1 | Министер |
| 9 јуни 2026 година | за дигитална трансформација, |
| Скопје | **Стефан Андоновски**, с.р. |